РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1297
07-08 2017 година
СКОПЈЕ

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.08.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 741/1 | | |

Архивски знак: 0301
Рок на чување: 1 год.
16.8.2017 год.
Потпис.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Етномузикологија, Балетска педагогија (класичен балет) и Балетска педагогија (современ танц), Музичка теорија и педагогија, Музичка теорија и педагогија – насока народни инструменти, Музичка теорија и педагогија – насока хорско диригирање, Музичка теорија и педагогија – насока сонологија со мултимедија, Удирачки инструменти, Соло пеење, Соло пеење – популарни жанрови, Гитара, Виола, Виолинист, Виолончело, Контрабас, Пијано, Обоа, Кларинет, Саксофон, Труба, Фагот, Хорна, Тромбон, Флејта, Хармоника, Харфа, Туба, Композиција, Оркестарско диригирање, Саксофон – популарни жанрови, Удирачки инструменти – популарни жанрови, Пијано – популарни жанрови, Бас – популарни жанрови, Гитара – популарни жанрови и Музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Етномузикологија, Балетска педагогија (класичен балет) и Балетска педагогија (современ танц), Музичка теорија и педагогија, Музичка теорија и педагогија – насока народни инструменти, Музичка теорија и педагогија – насока хорско диригирање, Музичка теорија и педагогија – насока сонологија со мултимедија, Удирачки инструменти, Соло пеење, Соло пеење – популарни жанрови, Гитара, Виола, Виолинист, Виолончело, Контрабас, Пијано, Обоа, Кларинет, Саксофон, Труба, Фагот, Хорна, Тромбон, Флејта, Хармоника, Харфа, Туба, Композиција, Оркестарско диригирање, Саксофон – популарни жанрови, Удирачки инструменти – популарни жанрови, Пијано – популарни жанрови, Бас – популарни жанрови, Гитара – популарни жанрови и Музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 03-639/1 од 28.06.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1297 од 03.07.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Етномузикологија, Балетска педагогија (класичен балет) и Балетска педагогија (современ танц), Музичка теорија и педагогија, Музичка теорија и педагогија – насока народни инструменти, Музичка теорија и педагогија – насока хорско диригирање, Музичка теорија и педагогија – насока сонологија со мултимедија, Удирачки инструменти, Соло пеење, Соло пеење – популарни жанрови, Гитара, Виола, Виолинист, Виолончело, Контрабас, Пијано, Обоа, Кларинет, Саксофон, Труба, Фагот, Хорна, Тромбон, Флејта, Хармоника, Харфа, Туба, Композиција, Оркестарско диригирање, Саксофон – популарни жанрови, Удирачки инструменти – популарни жанрови, Пијано – популарни жанрови, Бас – популарни жанрови, Гитара – популарни жанрови и Музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Св.Кирил и

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

Методиј“ во Скопје, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација со бр. 1409-44/5 од 14.06.2017 година, бр. 1409-44/8 од 14.06.2017 година, бр. 1409-44/2 од 14.06.2017 година, бр. 1409-44/3 од 14.06.2017 година, бр. 1409-44/4 од 14.06.2017 година, бр. 1409-44/6 од 14.06.2017 година, бр. 1409-44/7 од 14.06.2017 година, бр. 1409-4/9 од 16.06.2017 година и бр. 1409-4/10 од 16.06.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1297 од 13.07.2017 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 19.07.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1297 од 19.07.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Етномузикологија, Балетска педагогија (класичен балет) и Балетска педагогија (современ танц), Музичка теорија и педагогија, Музичка теорија и педагогија – насока народни инструменти, Музичка теорија и педагогија – насока хорско диригирање, Музичка теорија и педагогија – насока сонологија со мултимедија, Удирачки инструменти, Соло пеење, Соло пеење – популарни жанрови, Гитара, Виола, Виолинист, Виолончело, Контрабас, Пијано, Обоа, Кларинет, Саксофон, Труба, Фагот, Хорна, Тромбон, Флејта, Хармоника, Харфа, Туба, Композиција, Оркестарско диригирање, Саксофон – популарни жанрови, Удирачки инструменти – популарни жанрови, Пијано – популарни жанрови, Бас – популарни жанрови, Гитара – популарни жанрови и Музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Анета Трпевска

Доставена до:
- Примач
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити